## DREAM TEENS EVENT IN MACEDONIAN – CYRILIC

### Commitment, imagination and courage



**Посветеност, имагинација и храброст,** се зборовите со кои најкусо можам да го опишам моето возбудливо доживување на денот на младите „сонувачи" и нивната завршна презентација на проекти, на теми од животна важност за младите, во он-лајн соработка меѓу 28 градови и населби од цела Португалија. **Посветеност -** во личните заложби и учество, во истражувачките напори, и градењето идеали, во откажувањето од слободното време, толку драгоцено за дружење и забава; **Имагинација -** во креирањето нови приоди во работата, во поместувањето на границите на возможното, во градењето мостови за нови релации и комуникации, во промоција на играта како основен медиум за размена и учење, во искористување на неисцрпната енергија на нивното заедништво; и конечно **Храброст -** да се зафатат со сериозни животни теми на младите и заедницата како, насилството, сексуалноста, еднаквоста, и да проговорат за правата на ранливите и исклучени млади – теми сложени, тешко решливи и често табуирани и запоставени во агендите на возрасните





**Commitment, imagination and courage** – are the words to shortly explain my excited experience of the young dreamers' day, while presenting their year work on young people's key issues, in collaboration among 28 cities, all over the country.

*Lina K. Unkovska, psychologist, children rights' activist, HBSC PI - Macedonia*
*Center for Psychosocial and Crisis Action, Skopje Macedonia*